**ЗАПИСНИК**
**од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.02.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен)

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека членот на Советот Лазар Трајчев е отсутен од оправдани причини бидејќи се наоѓа во странство, а отсуството го најавил уште на минатата седница. Во врска со предложениот дневен ред, конкретно за Точка 3 - Предлог-одлуки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување, објасни дека таа содржи две сигурни потточки и тоа Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово и Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево и една можна потточка за ТРД ТВ КИСС Злате ДООЕЛ Тетово, за која се чека уплата секој момент. Појасни дека оваа точка има можност да се префрли во точката каде на радиодифузерите им се запираат постапките за одземање на дозволи доколку за време на седницата се евидентира уплатата на ТВ КИСС. Во врска со Точка Разно, рече дека таа има 4 сигурни потточки и тоа за ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, ТРД ДРИНИ ДООЕЛ Струга, ТРД Јован Трпеновски ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид и ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово. Исто така постои можност во оваа точка да се вброи и ТРД ТВ КИСС Злате ДООЕЛ Тетово, доколку радиодифузерот го уплати надоместокот, и наместо да му се одземе дозволата за телевизиско емитување, ќе се донесе решение за запирање на постапката.

Советот на Агенцијата, со образложението од г-дин Петрушевски, едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2017 година.
2. Предлог-одлука за усвојување Годишна сметка на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.
3. Предлог-одлуки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување.

4. Предлог-одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на државно ниво.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, ја образложи предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година. Објасни дека вкупните остварени приходи на Агенцијата во 2016-та година изнесуваат 123.574.378,00 денари. Најголемиот дел од приходите се остварено од наплата на радиодифузна такса во износ 50.650.752,00 денари, од надоместок за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 56.807.141,00 денари, приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 8.085.718,00 денари. Во делот на приходите се и средствата што Агенцијата ги доби од Буџетот на РМ, за исплатени финансиски средства за покривање на реално направените трошоци на Агенцијата во врска со изборните активности во 2016-та година и приходи од Буџетот на РМ за исполнување на законските обврски по повод Предвремените парламентарни избори кои се одржаа на 11-ти декември 2016-та година, во вкупен износ од 5.638.507,00 денари. Вкупно направените расходи во 2016-та година изнесуваат 94.988.083,00 денари, што претставува позитивен биланс од околу 29 милиони денари од кои што најголемите расходни трошоци се за исплата на бруто плати на вработените во Стручната служба, потрошени средства во износ од 34.974.838,00 денари, за извршени набавки на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема – компјутери, за набавка на ИКТ средства, за набавка на мултифункциски принтери и набавка на систем за аудио и видео снимање на седници и симултан превод се потрошени средства во износ од 3.105.040,00 денари, за национално кофинансирање на ИПА проекти се потрошени средства во износ од 5.405.783,00 денари, за отплата на кредит, камати за кредит и отплата на ануитети за земен кредит се потрошени средства во износ од 19.943.981,00 денари. Во врска со останатите ставки, објасни дека тие се помали и истите членовите на Советот ги имаат на увид во доставените материјали по точката.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, објасни дека Годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година ги содржи следните обрасци: Биланс на состојба, Биланс на приходите и расходите, Белешка за распоредување на резултатот, Образец ДБ - Даночен биланс, Образец ДЕ - Посебни податоци за системот за државна евиденција и Образец СПД - Рекапитулар-структура на приходи по дејности. Овие обрасци се однесуваат на непрофитните организации под кои спаѓа и Агенцијата. Подетално ја објасни и структурата на другите приходни и расходни ставки. При тоа информира дека износот што Агенцијата го добива од радиодифузна такса од година во година е се поголем, што се должи на подобра наплата на надоместокот од страна на

граѓаните. Во однос на трошоците, рече дека тие се во рамките на тоа што е планирано, односно во 2016 година се и помали од планираното, претежно заради јавните набавки што се одвивале преку електронска аукција па цената се намалила. Објасни дека на страна 10 од вкупниот материјал е направена печатна грешка во однос на вкупно направените расходи во 2016-та година кои изнесуваат 94.988.083,00 денари, а таму износот по грешка е ставен за 50 илјади денари помалку. Во врска со Годишната сметка, додаде дека е пресметан и данок на добивка кој ќе треба да се плати со поднесувањето на завршната сметка за 2016-та година и истиот изнесува 3.667.465,00 денари. Во 2017 година, по завршната сметка ќе бидат пренесени средства од минати години во вкупен износ од 77.173.125,00 денари.

Г-дин Фиданоски, рече дека според тоа што го забележал, близу 470 илјади евра, останеле вишок средства во однос на приходите што ги направила Агенцијата и вкупните трошоци. Оваа математичка пресметка, рече дека ја направил според стандардниот курс на еврото. Тоа според него укажува дека Агенцијата минатата година работела домаќински и во таа насока таквото работење го поздрави јавно и на Агенцијата и посака и во иднина да продолжи со такви чекори. Освен ставката за плаќање на даноци, симболичната сума за други материјали и суровини и онаа ставка што според него значи купување на основни средства за работа, колку што успеал да види во табеларниот преглед, сите други ставки се помалку од планираното, што исто така го радува. Како што рече, она што особено е за пофалба е висината на пренесени средства за идната година, така што ако се исклучи ставката за плаќање на кредитот, отприлика доаѓа Агенцијата како да има бонус за цела една година за трошоци ако се направи споредба со трошоците што се направени за минатата година. Хипотетички, Агенцијата да нема никаков приход, ако се исклучи кредитот, другите трошоци можат да бидат исплатени, што секако радува. Неговото прашање беше, дали ваквите направени расходи ќе се земат во предвид кога ќе се прави проекција за следната 2018 година, од причина што сега Агенцијата има нов објект па се нема претстава за трошоци за сметки или слични давачки. Г-дин Фиданоски, исто така рече дека сака да ја искористи приликата на седницата и да постави прашање со нешто што не е поврзано со точката, но е поврзано со работата на Агенцијата. Имено на една од минатите седници поставил едно прашање и на таа тема се развила дискусија и според него плодна дебата. Прашањето беше дали Агенцијата има добиено одговор по наодот односно од направениот вонреден надзор врз ТВ Сител, во кој е констатиран говор на омраза и дискриминација. Како што тогаш било кажано, наодот со ЦД-то било испратено до Јавното обвинителство и Комисија за заштита од дискриминација.

Г-дин Трајчевски, во врска со прашањето за емитуваните прилози на ТВ Сител, одговори дека пред започнувањето на седницата пристигнал одговор од Основното Јавно обвинителство и во таа насока ја замоли Стручната служба, одговорот да го препрати до сите членови на Советот. Објасни дека во известувањето, Јавното обвинителство оценило дека нема елементи на говор на омраза. Во врска со планирањето на Буџетот на Агенцијата за 2018 година па и за 2017, одговори дека Агенцијата во одредени сегменти во однос на јавните набавки има потреба од купување на поквалитетна стока и добивање на поквалитетни услуги. Од таа причина рече дека Агенцијата ќе се потруди компјутерите што треба да се набават за мониторинг на изборниот процес што следи, да бидат поквалитетни а не да бидат купени колку да бидат потрошени средства а да не можат да ја оправдаат улогата што Агенцијата согласно Законот ја има. Објасни дека за време на изборите кои поминаа, имаше проблеми со компјутерите токму од причина што мораше да се купуваат најевтините, да се одбере најевтината понуда. И за оваа година, не само и за следната, Агенцијата ќе тежнее да компаниите што вршат истражување а го нарачува Агенцијата, да бидат со

повисоко реноме, бидејќи не е само да се направат истражувања кои ќе чинат евтино а на крај да се добијат чудни или нерелевантни податоци. Тоа не значи дека средствата ќе се трошат нерационално и непотребно, меѓутоа Агенцијата има потреба од подигнување на квалитетот на услугите што ги добива и стоките што ги купува, се со цел да ја оправда улогата што ја има во вршење на нејзините секојдневни активности. Се надева дека во тој помалку тежок и подолгорочен процес, бидејќи мора да се бара согласност од Советот за јавни набавки, Агенцијата ќе вложи максимални напори да стоките што се набавуваа и услугите што се добиваат, бидат со повисок квалитет, што само по себе повлекува и дека ќе биде потрошен повисок износ на средства.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, ги објасни причините зошто има поголеми приходи од расходи. Објасни дека одредени трошоци кои според планираното требало да се платат, поради одложување на одредени активности не се платиле на време и средствата се одложиле за 2017 година.

Г-дин Фиданоски, се согласи со г-дин Трајчевски дека на сметка на квалитетот на завршената работа не треба да се штедат средства. Ако може и ако се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата, работата пред се треба да се заврши квалитетно, се разбира ако парите се трошат разумно, бидејќи како што рече, секогаш квалитетот треба да има примарност пред останатите работи.

Г-дин Петрушевски, рече дека финансиското работење на Агенцијата, во последните пет години постана навика да биде стандардно над просекот. Го поздрави квалитетното работење и рече дека е многу задоволен како и од претходните така и од овој извештај, бидејќи секоја година има подобрување. Во тој дел ги пофали Директорот и вработените, и се надева дека како членови на Советот им давале и ќе им даваат поддршка и дека имаат една синхронизација со нив, дека помагаат да се добие ваков позитивен резултат.

Советот на Агенцијата, со корекција на техничката грешка на износот што ја посочи г-дин Радуновиќ, го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-989/2 од 24.02.2017 година и едногласно донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, Годишната сметка на Агенцијата за 2016 година да ја достави до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар, а Образецот ДБ до Управата за јавни приходи, до крајот на месец февруари оваа година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски, рече, иако директорот г-дин Трајчевски го известил дека ТРД ТВ КИСС Злате ДООЕЛ Тетово уплатил за време на траењето на седницата, го замоли г-дин Радуновиќ уште еднаш да провери дали парите ги има на сметка на Агенцијата.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, рече дека фактурата е проверена и дека парите за надоместокот се уплатени од страна на ТВ КИСС.

Г-дин Петрушевски, објасни дека сега Точка 3 ќе има само две потточки, и тоа Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово и Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево.

Г-дин Фиданоски праша дали одземањето на дозволата на ТВ АРТ има поврзаност со Точка 4 - Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување, дали станува збор за трансформација на дозволата за емитување, односно за истиот субјект?

Г-дин Трајчевски, одговори дека двете точки немаат меѓусебна поврзаност и дека двата случаи се поврзани со различни субјекти.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-44 од 27.02.2017 година и едногласно донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.08-136 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-745/1 од 10.02.2017 година, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Г-дин Петрушевски, во врска со предлогот за одземање на дозволата на РАДИО ПЕХЧЕВО, рече дека жали што сопственикот не успеал да ги уплати средствата, бидејќи се работи за уплата на навистина многу мал износ.

Г-дин Трајчевски, уште еднаш провери дали има уплата, но се констатира дека радиодифузерот не го помирил надоместокот.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-55 од 27.02.2017 година и едногласно донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево, бр.08-116 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-742/1 од 10.02.2017 година, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници од кој

едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Точка 4**

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, објасни дека Друштвото за вршење на медиумски услуги АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, на ден 17.02.2017 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик и на македонски јазик, на државно ниво, кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс. Агенцијата по приемот на барањето за доделување на дозвола а согласно член 76 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека барателот ги исполнува условите и обврските утврдени со ЗААВМУ и прописите донесени врз основа на овој Закон, како и тоа дека на барателот, не му е одземена дозвола за телевизиско или радио емитување во последните 5 (пет) години.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-75 од 24.02.2017 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик и на македонски јазик, на државно ниво, на правното лице Друштво за вршење на медиумски услуги АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, со седиште на ул.„Илинденска" бр.4-локал 18/ Тетово, со ЕМБС 7180845 и ЕДБ 4028017531162, со текст како што беше предложена одлуката.

Телевизискиот програмски сервис, ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, одлуката за доделување дозвола да ја достави до Друштвото за вршење на медиумски услуги АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт- импорт Тетово, со цел да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар. Во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, Агенцијата ќе ја издаде предметната дозвола.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, во рок од 5 дена од денот на издавањето на предметната дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, да го извести операторот преку кој ќе се емитува програмскиот сервис, да склучи договор со радиодифузерот почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски, на АРТ ЧАННЕЛ му посака успех во натамошното работење.

**Точка 5**

**Разно**

Г-дин Петрушевски, најави дека оваа точка содржи пет потточки и тоа: ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, ТРД ДРИНИ ДООЕЛ Струга, ТРД Јован Трпеновски ТВ МОРИС

ДООЕЛ Охрид и ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово и ТРД ТВ КИСС Злате ДООЕЛ Тетово.

Г-дин Трајчевски, објасни дека сите наведени радиодифузери го уплатија надоместокот во законски дополнителниот период. Рече дека можеби до крајот на денот и РА Пехчево да уплати, па затоа нема веднаш да се објават одлуките во Службен весник на РМ.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-54 од 27.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, бр.08-124 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 31.159,00 (триесетиеднаилјадаистопедесетидевет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-53 од 27.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, бр.08-131 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 41.629,00 (четириесетиеднаилјадаишестотинидваесетидевет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево бр.08-58 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 80.929,00 (осумдесетилјадиидеветстотинидваесетидевет) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, го плати во целост.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, бр.08-54 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 111.788,00 (стоединаесетилјадиизедумстотиниосумдесетиосум) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, го плати во целост.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 483.782,00 (четиристотиниосумдесетитриилјадииседумстотиниосумдесетидва) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.02-984/11**
**02-03 2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**